# СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 8 октомври 1970

БЕЛГРАД

БРОЈ 44 ГОД. XXVI

Цена на овој број е 3,00 динари. — Аконтацијата на претплата за 1970 година изнесува 130 динари — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1 Пошт. фах. 226 — Телефони: централа 50-931, 50-932 50-933 и 50-934. Служба за претплата 51-732: Продавна служба 51-671


**515.**

Врз основа на членот 90 точка 2 од Основниот закон за средствата за работа на органите на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 46/64, 57/65 и 1/67), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА УРЕДБАТА ЗА ИЗДАТОЦИТЕ ЗА ПАТНИ И ДРУГИ ТРОШОЦИ ШТО НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА ИМ СЕ ПРИЗНАВААТ ВО МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Член 1

Во Уредбата за издатоците за патни и други трошоци што на сојузните органи на управата им се признаваат во материјални трошоци („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/65, 57/65, 38/67 и 7/70), членот 9 се менува и гласи:

„Издатоците за надоместок на трошоците поради одвоен живот од семејството се признаваат во материјални трошоци на органот во височината определена со правилникот на органот, но најмногу до 1500 динари месечно."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 149
23 септември 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

---

**516.**

Врз основа на чл. 20, 22 и 25 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69, 55/69 и 32/70) и членот 37 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66 и 54/67), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА ГЛОБАЛНАТА ДЕВИЗНА КВОТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗОТ НА СУРОВИНИ И ДРУГИ РЕПРОДУКЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА 1971 ГОДИНА

1. Вкупниот износ и видовите на девизите за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1971 година врз основа на глобалната девизна квота, го сочинуваат збирот на износот и видовите на девизите што на работните организации им се утврдени со решение на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија донесено врз основа на прописите на Сојузниот извршен совет за утврдување и распределба на глобалната девизна квота за 1970 година, и прописите за определување дополнителен износ на глобалната девизна квота за 1970 година, освен износот и видовите на девизите што се утврдени со решение врз основа на Одлуката за утврдување на посебниот износ на глобалната девизна квота за определени производни работни организации од гранката 214 — Сточарство („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/70) и Одлуката за утврдување на посебниот износ на глобалната девизна квота за определени производствени работни организации за 1970 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/69).

2 Во рамките на износот и видовите на девизите од точката 1 на оваа одлука на работната организација ѝ припаѓа 90% од износот на девизите што ѝ бил утврден во 1970 година по основ на глобалната девизна квота за увоз на суровини и други репродукциони материјали.

3. Разликата помеѓу износот и видовите на девизите за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали од точката 1 и износот и видовите на девизите од точката 2 на оваа одлука, се распределува на одделни групации работни организации од сродни дејности внатре во Сојузната стопанска комора.

Врз основа на мислењето на Сојузната стопанска комора, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во спогодба со Сојузнит секретаријат за стопанство, донесува решение за распределба на износот од ставот 1 на оваа точка на одделни групации.

4. Работните организации во рамките на групациите работни организации од сродни дејности внатре во Сојузната стопанска комора, договорно вршат распределба на износот на девизите од точката 3 на оваа одлука на одделни работни организации.

Работните организации се должни најдоцна до 15 декември 1970 година да извршат распределба на девизите од ставот 1 на оваа точка.

5. При распределбата на износот и видовите на девизите од точ. 3 и 4 на оваа одлука, за групациите односно за работните организации како критериум за распределба на девизите ќе се земе извозот извршен во 1969 година и во првите девет месеци на 1970 година, наголемен за извозот во IV квартал на 1969 година — во однос на извозот извршен во 1968 година, на пазари на кои се остваруваат девизи од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања, како и производството остварено во наведениот период, помало учество во производството на суровини и други репродукциони материјали од увоз и состојбата и движењето на залихите.

6. Ако Сојузниот извршен совет вкупниот износ на девизите за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали врз основа на глобалната девизна квота го зголеми над износот утврден во точката 1 од оваа одлука, распределба на износот на зголемената глобална девизна квота на одделни групации работни организации од сродни дејности внатре во Сојузната стопанска комора вршат договорно тие групации.

Предлог за зголемување на износот на девизите од ставот 1 на оваа точка на Сојузниот извршен совет му поднесува Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во спогодба со Сојузниот секре-

таријат за стопанство, а по претходно прибавено мислење од Сојузната стопанска комора.

Распределба на износот на зголемената глобална девизна квота на одделни работни организации вршат работните организации договорно во рамките на групацијата на работни организации од сродни дејности внатре во Сојузната стопанска комора, при што треба да се придржуваат кон критериумите од точката 5 на оваа одлука.

Ако при утврдувањето на зголемениот износ на девизите во смисла на ставот 1 од оваа точка, Сојузниот извршен совет определи посебни услови за распределба на тие девизи, работните организации се должни при договарањето за распределбата да се придржуваат кон тие посебни услови.

7. Ако групациите на работни организации од сродни дејности внатре во Сојузната стопанска комора не постигнат договор за распределба на износот на девизите во смисла на точката 6 од оваа одлука, распределбата ќе ја изврши Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во спогодба со Сојузниот секретаријат за стопанство, а по претходно поднесен извештај на Сојузната стопанска комора.

8. Работните организации можат во рамките на групацијата на работни организации од сродни дејности внатре во Сојузната стопанска комора договорно да извршат прераспределба на девизите од точката 2 на оваа одлука, ако сите работни организации на односната групација се согласат со таа прераспределба.

Прераспределба на девизите од точката 2 на оваа одлука можат договорно да извршат и одделни работни организации односно групации, но само во границите на средствата што им припаѓаат во смисла на таа точка.

Прераспределба на девизите во смисла на ст. 1 и 2 од оваа точка работните организации можат да извршат до 15 декември 1970 година.

9. При распределба на средствата на глобалната девизна квота во смисла на точ. 4, 6 и 8 од оваа одлука на одделни работни организации, треба да се утврдат износите и видовите на девизите и динамиката на нивното користење, со тоа што користењето на девизите треба, по правило, да биде рамномерно распоредено на одделни квартали.

10. Се смета дека договорот за распределба на износот на глобалната девизна квота во смисла на точ. 4 и 6 од оваа одлука е постигнат ако сите работни организации односно групации се согласиле со предложената распределба, или ако за договорот за распределба на тој износ на глобалната девизна квота во групацијата е постигнато мнозинството предвидено со Статутот на Сојузната стопанска комора односно со заклучок на соодветното општествено тело на Сојузната стопанска комора за начинот на постигнување договор.

11. По извршената распределба на износот на глобалната девизна квота на одделни работни организации во смисла на точ. 4, 6 и 8 од оваа одлука, Сојузната стопанска комора му доставува извештај за извршената распределба, со соодветната документација, на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, кој на секоја работна организација ќе ѝ издаде за тоа решение во рок од 15 дена од денот на приемот на извештајот.

Ако групација на работни организации не добила зголемување на средствата на глобалната девизна квота во смисла на точ. 3 и 6 на оваа одлука и ако работните организации односно групациите не извршиле прераспределба на девизите во смисла на точката 8 од оваа одлука, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, врз основа на извештајот на Сојузната стопанска комора, а на барање на работната организација, на односната работна организација ќе ѝ ја утврди со решение глобалната девизна квота во износот од точката 2 на оваа одлука.

12. Ако работните организации не постигнат договор за распределба на износот на глобалната девизна квота во смисла на точ. 4 и 6 од оваа одлука, распределбата ќе ја изврши Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, по претходно поднесениот извештај на Сојузната стопанска комора, а во рок од 30 дена од денот на приемот на тој извештај.

13. За суровините и другите репродукциони материјали што во 1970 година не се увезувале врз основа на глобалната девизна квота, а кои во 1971 година се увезуваат врз основа на глобалната девизна квота, производните работни организации што ги увезувале тие суровини и другите репродукциони материјали, можат во рок од 60 дена од денот од кој е пропишано односните стоки да се увезуваат врз основа на глобалната девизна квота, да поднесат барање да им се утврди износот на девизите за плаќање на увозот на тие суровини и репродукциони материјали за 1971 година.

Барањето за утврдување на износот на девизите производната работна организација му го поднесува на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, кој на работната организација ќе ѝ го утврди износот на девизите за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали од ставот 1 на оваа точка и за тоа ќе ѝ издаде решение. Износот на девизите на производната работна организација ќе ѝ се утврди во височина на девизите што таа ги искористила за плаќање на увозот на односните суровини и други репродукциони материјали во соодветниот период во 1970 година.

Сојузниот секретаријат за надворешна трговија е должен во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето да донесе решение за утврдување на износот на девизите од ставот 1 на оваа точка на производната работна организација.

Ако врз основа на меѓудржавна спогодба во текот на 1971 година ќе дојде до промена во начинот на плаќањето помеѓу Југославија и определена земја, во поглед утврдувањето на износот на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали од таа земја ќе се постапи според одредбите од ст. 1 до 3 на оваа точка.

14. За суровините и другите репродукциони материјали што во 1970 година се увезувале врз основа на глобалната девизна квота, а кои во 1971 година не се увезуваат по тој основ, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, ќе ѝ ја намали на односната работна организација глобалната девизна квота за 1971 година за износот на девизите искористени за тие стоки во 1970 година.

Работните организации се должни во рок од 30 дена од денот од кој е пропишано односните суровини и други репродукциони материјали да не се увезуваат врз основа на глобалната девизна квота, на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија да му поднесат документација врз основа на која на таа работна организација ќе ѝ се намали износот на глобалната девизна квота за 1971 година. Ако односната работна организација во тој рок не ја поднесе соодветната документација, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија на таа работна организација ќе ѝ ја намали глобалната девизна квота врз основа на документацијата со која располага.

15. Неискористените девизи на глобалната девизна квота за 1971 година можат да се користат во наредната година.

16. Работната организација врши плаќање на суровините и други репродукциони материјали што ги увезува врз основа на глобалната девизна квота, преку овластената банка што самата ќе ја избере.

17. Вкупниот износ на девизите за увоз на суровини и други репродукциони материјали за кои е пропишан увоз врз основа на глобалната девизна квота, го утврдува Сојузниот извршен совет за потребите на работните организации што се основани и пуштени во погон во 1971 година, за работните организации што се основани во 1970 година ако за таа година не добиле девизи за увоз на суровини и други репродукциони материјали за кои е пропишан увоз врз основа на глобалната девизна квота, за работните организации кои со нови капацитети

ќе го зголемат производството за најмалку 50% во 1971 година — во однос на 1970 година, за поголеми новоизградени производни организации во рамките на здружено претпријатие или за поголеми производни организации што ќе се припојат кон здружено претпријатие, ако со новите капацитети го зголемуваат производството за најмалку 50% за 1971 година — во однос на 1970 година, како и за потребите на производствените организации кај кои дошло до уништување на увозни репродукциони материјали поради виша сила (пожар, поплава, земјотрес и др.).

18. Работните организации од точката 17 на оваа одлука поднесуваат барања за утврдување на износот на девизите за плаќање на стоки за кои е пропишан увоз врз основа на глобалната девизна квота на Сојузниот секретаријат за стопанство, кој тие барања, по претходно прибавено мислење од Сојузната стопанска комора, со своето мислење му ги доставува на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

Сојузниот секретаријат за надворешна трговија ја утврдува, во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, со решение глобалната девизна квота за одделни работни организации од ставот 1 на оваа точка, при што првенство ѝ дава на работната организација чие производство е од посебно значење за зголемувањето на ликвидноста на платниот биланс и за снабдевеноста на домашниот пазар, имајќи ги предвид износите на глобалната девизна квота на другите истовидни организации.

Ако износот на девизите од точката 17 на оваа одлука е исцрпен, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот 1 на оваа точка, ќе му поднесе предлог на Сојузниот извршен совет за утврдување на глобалната девизна квота.

19. На работните организации кои во смисла на Одлуката за мерилата за утврдување кои стопански организации се сметаат како претежни извозници („Службен лист на СФРЈ“, бр. 32/66 и 20/70) имале статус на претежен извозник а кои за 1971 година го немаат тој статус, им се утврдува глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1971 година во височина на девизите што ги искористиле за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали врз основа на глобалната девизна квота во 1970 година, намалена за 10%.

Работните организации од ставот 1 на оваа точка ѝ поднесуваат барање за утврдување на износот на девизите за плаќање на стоки за кои е пропишан режимот на увозот врз основа на глобалната девизна квота, на Сојузната стопанска комора, која тие барања со своето мислење му ги доставува на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија. Сојузниот секретаријат за надворешна трговија ја утврдува, во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, со решение глобалната девизна квота за одделни работни организации од ставот 1 на оваа точка.

20. На работните организации што, во смисла на Одлуката за работните организации што суровините и другите репродукциони материјали, чиј увоз е регулиран, ги увезуваат во определен однос спрема остварениот девизен прилив по извозот во 1970 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 41/69 и 56/69), увезувале суровини и други репродукциони материјали во определен однос спрема остварениот девизен прилив по извозот, а кои во 1971 година не увезуваат по тој основ, им се утврдува глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1971 година врз основа на девизниот прилив остварен во IV квартал на 1969 година и првите три квартали на 1970 година, како и односот на увозот спрема извозот за таа година утврден со решение на Сојузниот секретаријат за надврешна трговија, намален за 10%.

На работните организации од ставот 1 на оваа точка во рамките на групациите од сродни дејности внатре во Сојузната стопанска комора глобалната девизна квота им се утврдува на начинот и по постапката што се предвидени со оваа одлука.

21. Работните организации можат со средствата на глобалната девизна квота да плаќаат суровини и други репродукциони материјали што ги увезуваат само за потребите на сопственото производство и заради извршување на договори за долгорочна кооперација и договори за деловно-техничка соработка помеѓу производните работни организации што врз основа на таков договор вршат меѓусебна испорака на делови, склопови и потсклопови.

Ако работната организација користи средства на глобалната девизна квота противно на одредбите од ставот 1 на оваа точка, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија на таа работна организација ќе ѝ ја намали глобалната девизна квота во височина на двојниот износ на средствата користени противно на намената од тој став. Ако износот на користените средства е помал од 20% од вкупниот износ на утврдената глобална девизна квота, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија на работната организација ќе ѝ ја намали глобалната девизна квота за 20% од вкупниот износ на глобалната девизна квота утврден за таа работна организација

22. Работните организации можат да вршат увоз и плаќање на товар на глобалната девизна квота во смисла на оваа одлука почнувајќи од 1 јануари 1971 година.

По исклучок од одредбата на ставот 1 од оваа точка работните организации можат и пред 1 јануари 1971 година да вршат увоз и плаќање на сезонски производи ако за тоа прибават согласност од Народната банка на Југославија, што таа ја дава во спогодба со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

23. Сојузниот секретар за надворешна трговија донесува, по потреба, поблиски прописи за начинот на поднесувањето на барањата од точ. 13 и 18 на оваа одлука и за документацијата што се прилага кон тие барања, како и за начинот на доставувањето на податоците и документацијата потребни за утврдување на износот на девизите од точ. 1, 4, 12 и 14 од оваа одлука.

24. Техничко упатство за примената на оваа одлука дава Народната банка на Југославија во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

25. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 144
30 септември 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

**517.**

Врз основа на членот 25 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ“, бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69 55/69 и 32/70), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

## ЗА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО СУРОВИНИТЕ И ДРУГИТЕ РЕПРОДУКЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ, ЧИЈ УВОЗ Е РЕГУЛИРАН, ГИ УВЕЗУВААТ ВО ОПРЕДЕЛЕН ОДНОС СПРЕМА ОСТВАРЕНИОТ ДЕВИЗЕН ПРИЛИВ ПО ИЗВОЗОТ ВО 1971 ГОДИНА

1. Производствените работни организации од гранката 117 — Метална индустрија, освен групацијата: шински возила и ремонт; групацијата: алати; групацијата: текстилни машини, утензилии и кожарски машини; групацијата: други сериски машини

и опрема; групацијата: опрема за индустријата, угостителството, трговијата и сервисите; групацијата: прецизна механика; групацијата: производи на полуфабрикати за вградување и други металопреработувачки производи; групацијата: одливки и леани производи; групацијата: метална амбалажа; групацијата: вијчени стоки и жичени производи; од гранката 118 — Бродоградба; од гранката 119 — Електроиндустрија, освен групацијата: друга електроиндустрија; и од гранката 124 — Текстилна индустрија, само групацијата конфекција, увезуваат суровини и други репродукциони материјали за чиј увоз е пропишана глобална девизна квота и девизен контингент во определен однос на плаќањето на увозот спрема остварениот девизен прилив по извозот на нивните производи (во понатамошниот текст: однос на увозот спрема извозот).

Како девизен прилив во смисла на ставот 1 од оваа точка се смета и вредноста на стоките од гранката 117 — Метална индустрија и од гранката 119 — Електроиндустрија, извезени на кредит. Ако извозот на кредит во целост се врши од средствата на деловниот фонд на работната организација, работната организација е должна да прибави гаранција од странска банка односно доказ за осигурување кај странско осигурително друштво.

2. На работната организација од точката 1 на оваа одлука на која за 1970 година ѝ е утврден односот на увозот спрема извозот над просечниот однос на односната групација внатре во Сојузната стопанска комора, ѝ се намалува за 10% односот што ѝ бил утврден со решение на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија за 1970 година.

Односот намален во смисла на ставот 1 од оваа точка не може да биде понизок од просечниот однос на односната групација.

3. Просечниот однос на увозот спрема извозот за групациите од сродни дејности внатре во Сојузната стопанска комора го претставува односот што произлегува од збирот на девизниот прилив на работните организации на таа групација во периодот од 1 октомври 1969 до 30 септември 1970 година и од збирот на износите на правото на увоз по основ на глобалната девизна квота, што се добива со примена на утврдениот однос на увозот спрема извозот според решенијата на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија за 1970 година за секоја работна организација врз нејзиниот девизен прилив.

4. Износот на средствата што се добива со примена на намалениот однос на увозот спрема извозот во смисла на точката 2 од оваа одлука врз девизниот прилив во периодот од 1 октомври 1969 до 30 септември 1970 година, се распределува врз одделни групации од сродни дејности внатре во Сојузната стопанска комора.

Врз основа на мислењето од Сојузната стопанска комора, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во спогодба со Сојузниот секретаријат за стопанство, донесува решение за распределба на средствата од ставот 1 на оваа точка врз одделни групации.

5. Работните организации во рамките на групациите работни организации од сродни дејности внатре во Сојузната стопанска комора договорно вршат распределба на девизите од точката 4 на оваа одлука врз одделни работни организации, заради коригирање на односите на увозот спрема извозот утврдени во 1970 година.

Коригирањето на односите на увозот спрема извозот во смисла на ставот 1 од оваа точка им се врши само на оние работни организации чиј однос на увозот спрема извозот во 1970 година е под просечниот однос на односната групација, со тоа што вака коригираниот однос на увозот спрема извозот не може да биде поголем од просечниот однос на таа групација.

Работните организации се должни до 15 декември 1970 година да извршат коригирање на односот на увозот спрема извозот во смисла на ставот 1 од оваа точка.

6. При распределбата на износите и видовите на девизи односно при коригирањето на односите на увозот спрема извозот од точ. 4 и 5 на оваа одлука, ќе се земе како критериум за распределба помеѓу групациите и работните организации извозот извршен во 1969 година и од првите девет месеци на 1970 година, наголемен за извозот во IV квартал на 1969 година — во однос на 1968 година, на пазарите на кои се остваруваат девизи од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања.

7. Ако Сојузниот извршен совет на работните организации од точката 1 на оваа одлука им го утврди дополнителниот износ од средствата на глобалната девизна квота или ако го коригира односот на увозот спрема извозот во корист на тие организации, решение за распределба на дополнителниот износ односно за коригирање на односите на увозот спрема извозот на одделни групации работни организации од сродни дејности донесува Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во спогодба со Сојузниот секретаријат за стопанство, по претходно прибавено мислење од Сојузната стопанска комора.

Предлог за утврдување на дополнителниот износ односно за коригирање на односите на увозот спрема извозот му поднесува на Сојузниот извршен совет Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во спогодба со Сојузниот секретаријат за стопанство, по претходно прибавено мислење од Сојузната стопанска комора.

8. Распределба на дополнителниот износ односно на коригираниот однос на увозот спрема извозот од точката 7 на оваа одлука врз одделни работни организации, вршат работните организации договорно во рамките на групациите од сродни дејности внатре во Сојузната стопанска комора, при што треба да се придржуваат кон критериумите од точката 6 на оваа одлука.

Ако при утврдувањето на дополнителниот износ односно на коригираниот однос на увозот спрема извозот во смисла на точката 7 став 1 од оваа одлука, Сојузниот извршен совет определи посебни услови за распределба на тој износ односно на коригираниот однос на увозот спрема извозот, работните организации се должни при договарањето за распределбата да се придржуваат кон тие посебни услови.

9. Работните организации можат во рамките на групацијата од сродни дејности внатре во Сојузната стопанска комора договорно да извршат прераспределба на девизите од точката 2 на оваа одлука, заради утврдување на просечниот однос на индивидуалните односи на увозот спрема извозот, ако сите работни организации на односната групација се согласиле со таа прераспределба.

Прераспределба на девизите од точката 2 на оваа одлука можат договорно да извршат и одделни работни организации односно групации, но само во границите на средствата што им припаѓаат во смисла на таа точка.

Прераспределба на девизите во смисла на ст. 1 и 2 од оваа точка работните организации можат да извршат до 15 декември 1970 година.

10. Се смета дека договор за распределба на износот односно на коригираниот однос на увозот спрема извозот од точ. 5 и 8 на оваа одлука е постигнат ако сите работни организации на односната групација се согласиле со предложената распределба, или ако за договорот за таа распределба во групациите е постигнато мнозинството предвидено со Статутот на Сојузната стопанска комора односно со заклучок на соодветно општествено тело на Сојузната стопанска комора за начинот за постигање договор.

11. По извршената распределба на износот односно коригираниот однос на увозот спрема извозот на одделни работни организации од точ. 5, 8 и 9 на оваа одлука, Сојузната стопанска комора му доставува извештај за извршената распределба, со соодветна документација, на Сојузниот секретаријат

за надворешна трговија, кој на секоја работна организација ќе ѝ издаде за тоа решение во рок од 15 дена од денот на приемот на извештајот.

12. Ако работните организации не постигнат договор за распределба на износот односно на коригираниот однос на увозот спрема извозот од точ. 5 и 8 од оваа одлука, распределбата ќе ја изврши Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, по претходно поднесениот извештај од Сојузната стопанска комора.

На работните организации од точката 2 на оваа одлука што не извршиле прераспределба на износот односно коригирање на односот на увозот спрема извозот во смисла на точката 9 од оваа одлука, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, по прибавениот извештај од Сојузната стопанска комора, а на барање од работната организација, ќе го утврди со решение износот на девизите односно коригираниот однос на увозот спрема извозот за 1970 година во границите на износот односно на односот од точката 2 на оваа одлука.

13. За работните организации од гранките наведени во точката 1 од оваа одлука на кои за 1970 година им е утврден износот на глобалната девизна квота во апсолутен износ, за 1971 година им се утврдува апсолутниот износ на глобалната девизна квота според одредбите на Одлуката за утврдување и распределба на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/70).

14. За суровините и другите репродукциони материјали што во 1970 година не се увезувале по основ на глобалната девизна квота, а кои во 1971 година се увезуваат по тој основ, производствените работни организации од точката 1 на оваа одлука што ги увезувале тие суровини и други репродукциони материјали можат во рок од 30 дена од денот од кој е пропишано односните суровини и други репродукциони материјали да се увезуваат по основ на глобалната девизна квота, да поднесат барање да им се утврди износот на девизите за плаќање на увозот на тие суровини и репродукциони материјали за 1971 година.

Барањето од ставот 1 на оваа точка работната организација му го поднесува на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, кој на работната организација ќе ѝ го утврди износот на девизите за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за кои е пропишан увоз врз основа на глобалната девизна квота, а во височината на девизите искористени за плаќање на увозот на односните суровини и други репродукциони материјали во 1970 година од страна на таа работна организација. Со вака утврдениот износ на глобалната девизна квота се коригира утврдениот однос на увозот спрема извозот во смисла на оваа одлука, и за тоа Сојузниот секретаријат за надворешна трговија на работната организација ѝ издава решение во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Како основа за коригирање на односот на увозот спрема извозот ќе се земат годишниот просек на девизниот прилив по извозот извршен во 1969 и 1970 година и односот на увозот спрема извозот утврден со решение на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија за 1971 година.

Ако врз основа на меѓудржавна спогодба во текот на 1971 година дојде до промена во начинот на плаќањето помеѓу Југославија и односната земја, во поглед на утврдувањето на износот на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали од таа земја, ќе се постапи според одредбите на ст. 1 и 2 од оваа точка.

15. За суровините и другите репродукциони материјали што во 1970 година се увезувале врз основа на глобалната девизна квота, а кои во 1971 година не се увезуваат по тој основ, на производствените работни организации од точката 1 на оваа одлука што ги увезувале тие суровини и други репродукциони материјали им се коригира односот на увозот спрема извозот за 1971 година — за износот на девизите искористени за плаќање на увозот на односните суровини и други репродукциони материјали во 1970 година.

Работните организации се должни во рок од 30 дена од денот од кој е пропишано односните суровини и други репродукциони материјали да не се увезуваат врз основа на глобалната девизна квота, да му поднесат на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија документација заради коригирање, во смисла на точката 14 став 1 од оваа одлука, на односот на увозот спрема извозот за 1971 година. Решение за тоа ќе издаде Сојузниот секретаријат за надворешна трговија во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето. Ако односната работна организација во тој рок не поднесе соодветна документација, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија ќе ѝ ја намали глобалната девизна квота врз основа на документацијата со која располага.

16. На производствените работни организации од гранките наведени во точката 1 од оваа одлука на кои за 1970 година не им бил утврден односот на увозот спрема извозот, како и на новоосновааните производствени работни организации од гранките наведени во точката 1 на оваа одлука, може, на нивно барање, за 1971 година да им се утврди односот на увозот спрема извозот.

Работните организации од ставот 1 на оваа точка барањата за утврдување на односот на увозот спрема извозот за 1971 година му ги поднесуваат на Сојузниот секретаријат за стопанство, кој тие барања, по претходно прибавеното мислење од соодветната групација на Сојузната стопанска комора, со свое мислење му ги доставува на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија Сојузниот секретаријат за надворешна трговија со решение го утврдува односот на увозот спрема извозот, а во рок од 15 дена од денот на приемот на барањата од Сојузниот секретаријат за стопанство.

17. Врз основа на решението на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија за утврдениот однос на увозот спрема извозот, работната организација склучува со една овластена банка што самата ќе ја избере, договор за плаќање на увозот во определен однос спрема остварениот девизен прилив по извозот.

18. Работните организации што според односот од договорот со овластената банка оствариле девизен прилив по извозот поголем од плаќањата по увозот, можат плаќања по увозот да вршат зависно од остварениот девизен прилив по извозот.

Работните организации што според односот од договорот со овластената банка имале плаќања по увозот поголеми од девизниот прилив по извозот, можат плаќања по увозот да вршат зависно од остварениот девизен прилив по увозот, само до апсолутниот износ од решението на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

По искористувањето на износот од ставот 2 на оваа точка работните организации можат плаќања по увозот да вршат во височината на девизниот прилив остварен со извоз на производи од сопствено производство.

19. За производствените работни организации од гранката 118 — Бродоградба, односот на увозот спрема извозот се утврдува, до донесувањето прописи за 1971 година, врз основа на Одлуката за утврдување на конечниот однос помеѓу плаќањето по увозот спрема остварениот девизен прилив по извозот за производствените работни организации од гранката 118 — Бродоградба („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/67).

За производствените работни организации од гранката 124 — Текстилна индустрија, само групацијата конфекција, односот на увозот спрема извозот се утврдува со посебен пропис.

20. Работните организации што во смисла на точката 1 од оваа одлука не се должни суровините

и другите репродукциони материјали да ги увезуваат во определен однос спрема остварениот извоз, можат да поднесат барање увозот на суровините и другите репродукциони материјали за кои е пропишан увоз врз основа на глобалната девизна квота и девизниот контингент, да го вршат во определен однос на увозот спрема извозот на нивните производи.

Барањето за утврдување на односот во смисла на ставот 1 од оваа точка, работната организација ѝ го поднесува на Сојузната стопанска комора, која тоа барање, со свое мислење, му го доставува на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

Ако барањето од ставот 2 на оваа точка го поднесуваат повеќе работни организации групирани според сродноста на своите дејности, тие работни организации можат договорно да го утврдат и да му предлагаат на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија за секоја работна организација износот на девизниот прилив по извозот и износот на плаќањата по увозот, како и односите што произлегуваат од тоа.

Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, врз основа на барањата и мислењата од ставот 2 односно ставот 3 на оваа точка го утврдува со решение за секоја работна организација односот што произлегува од девизниот прилив по извозот и плаќањата по увозот, со тоа што односот на плаќањата по увозот спрема девизниот прилив по извозот за работната организација не може да биде поповолен од просекот на односната групација.

Врз основа на решението од ставот 4 на оваа точка работната организација склучува со една овластена банка, што самата ќе ја избере, договор за плаќање на увозот во определен однос спрема остварениот девизен прилив по извозот. Работната организација врши плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за кои е пропишан увоз врз основа на глобалната девизна квота и девизниот контингент — со девизи на кои има право според девизниот прилив остварен во рамките на тој договор.

21. Одделни групации работни организации од точката 1 на оваа одлука можат да се ослободат од обврската за врзување на увозот за извозот, на предлог од односната групација работни организации. Предлогот за ослободување од обврската за врзување на увозот за извозот можат да го поднесат и Сојузниот секретаријат за надворешна трговија и Сојузниот секретаријат за стопанство, по претходно прибавено мислење од односната групација во рамките на Сојузната стопанска комора.

Одлуката за ослободувањето од обврската за врзување на увозот за извозот ја донесува Сојузниот извршен совет.

На работните организации што ќе се ослободат од обврската за врзување на увозот за извозот, средствата на глобалната девизна квота им се утврдуваат врз база на реализацијата на извозот во претходната година, како и од односот на увозот спрема извозот за таа година утврден со решението на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

22. Работните организации можат со средствата на глобалната девизна квота да плаќаат суровини и други репродукциони материјали што ги увезуваат само за потребите на сопственото производство и заради извршување на договорите за долгорочна кооперација, како и на договорот за деловно-техничка соработка склучен помеѓу производствените работни организации што врз основа на таков договор вршат меѓусебни испораки на делови, склопови и потсклопови.

Ако работната организација ги користи средствата на глобалната девизна квота противно на одредбата од ставот 1 на оваа точка, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија ќе ѝ го коригира односот на увозот спрема извозот односно ќе ѝ ја намали глобалната девизна квота во височина што му одговара на двојниот износ на средствата користени противно на намената од тој став. Ако износот на користените средства е помал од 20% од вкупниот износ на утврдената глобална девизна квота, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија на работната организација ќе ѝ ја намали глобалната девизна квота за 20% односно ќе ѝ изврши коригирање на односот на увозот спрема извозот што му одговара на намалувањето на глобалната девизна квота за 20%.

23. Работните организации можат да вршат увоз и плаќања во однос на увозот спрема извозот, утврден во смисла на оваа одлука, почнувајќи од 1 јануари 1971 година.

24. Сојузниот секретар за надворешна трговија донесува, по потреба, поблиски прописи за начинот на утврдувањето на односот на увозот спрема извозот од точ. 2 и 3 на оваа одлука, за начинот на поднесувањето на барањата од точ. 8, 14 и 16 од оваа одлука и за документацијата што се прилага кон тие барања, за доставувањето на податоците и документацијата потребни за утврдување на износите на девизите од точ. 12 и 15 на оваа одлука, како и за начинот на поднесувањето на барањето од точката 20 на оваа одлука и за документацијата што се прилага кон тоа барање.

25. Технички упатства за примена на оваа одлука дава Народната банка на Југославија во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

26. Оваа одлука ќе се применува и врз работите на извозот на кредит (точка 1 став 2) склучени и пријавени на овластената банка до денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

27. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 150
30 септември 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

---

**518.**

Врз основа на чл. 20 и 22 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69, 55/69 и 32/70), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИОТ ИЗНОС НА ГЛОБАЛНАТА ДЕВИЗНА КВОТА НА ПРОИЗВОДСТВЕНИТЕ РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 1971 ГОДИНА

1. На производствените работни организации за 1971 година, покрај износот на глобалната девизна квота врз основа на Одлуката за утврдување и распределба на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/70), Одлуката за работните организации што суровините и другите репродукциони материјали, чиј увоз е регулиран, ги увезуваат во определен однос спрема остварениот девизен прилив по извозот во 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/70), Одлуката за утврдување на дополнителниот износ на глобалната девизна квота за 1970 година за производствените работни организации од гранката 127 — Прехрамбена индустрија, групација на индустријата на чоколадо, бонбони и кекс („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/70) и Одлуката за утврдување на дополнителниот износ на глобалната девизна квота за 1970 година на работните организации за одржување и ремонт на земјоделски машини, трактори и опрема во земјоделството од увоз („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/70), им се утврдува дополнителен износ на глобалната девизна квота од 125,000.000 динари за увоз на суровини и други репродукциони материјали од подрачјето на

кое се остваруваат девизи од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања

2. Распределба на дополнителниот износ на глобалната девизна квота од точката 1 на оваа одлука се врши според одредбите на точката 6 ст. 1 и 3 од Одлуката за утврдување и распределба на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1971 година, односно на точката 7 став 1 и точката 8 став 1 од Одлуката за работните организации што суровините и други репродукциони материјали, чиј увоз е регулиран, ги увезуваат во определен однос спрема остварениот девизен прилив по извозот во 1971 година.

3. Дополнителниот износ на глобалната девизна квота од точката 1 на оваа одлука што се распределува според одредбите на точката 8 став 1 од Одлуката за работните организации што суровините и други репродукциони материјали, чиј увоз е регулиран, ги увезуваат во определен однос спрема остварениот девизен прилив по извозот во 1971 година, се распределува само на работните организации на кои за 1970 година им е утврден односот на плаќањето на увозот спрема остварениот девизен прилив по извозот под просечниот однос на групацијата на која односната работна организација ѝ припаѓаат.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 148
30 септември 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

**519.**

Врз основа на чл. 20 и 22 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69, 55/69 и 32/70), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПОСЕБНИОТ ИЗНОС НА ГЛОБАЛНАТА ДЕВИЗНА КВОТА ЗА 1971 ГОДИНА

1. На производствените работни организации (во понатамошниот текст: работните организации) што ги исполнуваат условите од оваа одлука може за 1971 година, покрај износот на глобалната девизна квота врз основа на Одлуката за утврдување и распределба на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1971 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/70), да им се определи посебен износ на глобалната девизна квота за увоз на суровини и други репродукциони материјали во девизите што се од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања, а во границите на износот што за одделни периоди ги определува Сојузниот извршен совет.

2. Посебниот износ на глобалната девизна квота може да ѝ се определи на онаа работна организација која со зголемен увоз на суровини и други репродукциони материјали за кои е пропишан увоз врз основа на глобалната девизна квота ќе го зголеми девизниот прилив во девизите што се од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања, и тоа под услов:

1) зголемениот девизен прилив во 1971 година да го остварува со извоз на производи од сопствено производство;

2) зголемениот девизен прилив во 1971 година да го остварува за 10% — во однос на остварениот девизен прилив во 1970 година, и тоа без користење на посебниот износ на глобалната девизна квота според оваа одлука. Во остварениот девизен прилив во 1970 година не се засметува зголемениот девизен прилив остварен со определувањето на посебниот износ на глобалната девизна квота врз основа на Одлуката за утврдување на посебниот износ на глобалната девизна квота за определување производствени работни организации за 1970 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/69);

3) покрај девизниот прилив од одредбата под 2 на овој став, со зголемување на извозот на стоки од сопствено производство да остварува нето девизен прилив поголем од определениот посебен износ на глобалната девизна квота според оваа одлука.

3. При определувањето на посебниот износ на глобалната девизна квота, предност ќе имаат работните организации што во поголема мерка ќе го зголемат девизниот прилив — во однос на посебниот износ на глобалната девизна квота што го бараат, во смисла на оваа одлука, за реализација на тој зголемен девизен прилив во девизите што се од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања.

4. Работните организации можат договорно заеднички да бараат определување на посебниот износ на глобалната девизна квота и да преземаат обврски во смисла на оваа одлука (во понатамошниот текст: група на работни организации).

5. На работните организации односно на група работни организации кои во смисла на точката 2 на оваа одлука ја преземаат обврската дека зголемениот девизен прилив во 1971 година ќе биде најмалку за 60% поголем од посебниот износ на глобалната девизна квота што го бараат за реализација на тој зголемен девизен прилив, првенствено се определува посебниот износ на глобалната девизна квота според оваа одлука, и тоа во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.

Сојузниот секретаријат за надворешна трговија може на работните организации односно на група работни организации од ставот 1 на оваа точка да им го определи посебниот износ на глобалната девизна квота и над износот определен во смисла на точката 1 од оваа одлука.

6. Решение за определувањето на посебниот износ на глобалната девизна квота според оваа одлука, донесува Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, по претходно прибавено мислење од Сојузната стопанска комора.

7. На работната организација односно на групата работни организации може да им се определи посебниот износ на глобалната девизна квота во смисла на оваа одлука само ако кон поднесеното барање приложи гаранција од овластена банка дека банката од својот кредитен фонд во девизи ќе го покрие оној дел од неостварениот девизен прилив за кој работната организација односно групата на работни организации се обврзала дека во целост ќе го оствари во 1971 година.

8. Посебниот износ на девизите од точ. 1 и 5 на оваа одлука не влегува во основицата за утврдување на вкупниот износ на девизите во смисла на точката 1 од Одлуката за утврдувањето и распределбата на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1971 година.

9. Сојузниот секретаријат за надворешна трговија го определува, по потреба, начинот на поднесувањето на барањето од точ. 5 и 6 на оваа одлука и документацијата што се прилага кон тоа барање.

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 143
30 септември 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

**520.**

Врз основа на чл. 20 и 22 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ“, бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69, 55/69 и 32/70), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИОТ ИЗНОС НА ГЛОБАЛНАТА ДЕВИЗНА КВОТА ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДСТВЕНИ РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 1971 ГОДИНА

1. Во смисла на точката 1 од Одлуката за условите за доделување на посебниот износ на глобалната девизна квота за 1971 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 44/70), се утврдува посебен износ на глобалната девизна квота, и тоа:

1) за распределба во I квартал на 1971 година — од 50,000 000 динари;

2) за распределба во II квартал на 1971 година — од 50,000.000 динари.

2. Барањето за определување на посебниот износ на глобалната девизна квота заинтересираните работни организации се должни да го поднесат најдоцна до 15 март 1971 година — за средствата утврдени за распределба во I квартал, а до 15 јуни 1971 година — за средствата утврдени за распределба во II квартал.

3. Сојузниот секретаријат за надворешна трговија е должен да донесе решение за определување на посебниот износ на глобалната девизна квота од точката 1 на оваа одлука во рок од 15 дена по истекот на односниот квартал, придржувајќи се кон критериумите од точ. 2, 3 и 5 на Одлуката за условите за доделување на посебниот износ на глобалната девизна квота за 1971 година.

4. На работните организации од точката 5 на Одлуката за условите за доделување на посебниот износ на глобалната девизна квота за 1971 година, им се определува посебен износ на глобалната девизна квота независно од роковите од точ. 2 и 3 на оваа одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р п. бр. 148
30 септември 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

**521.**

Врз основа на членот 19 став 2 и членот 20 ст. 1 и 2 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ“, бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69, 55/69 и 32/70) и членот 37 став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 14/65, 28/66 и 54/67), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ ЧИЈ ИЗВОЗ И УВОЗ Е РЕГУЛИРАН

1. Во Списокот на стоките за кои се утврдуваат условите за извоз и увоз, кој е составен дел од Одлуката за определување на стоките чиј извоз и увоз е регулиран („Службен лист на СФРЈ“, бр. 37/66, 45/66, 13/67, 17/67, 30/67, 32/67, 40/67, 54/67, 11/68, 13/68, 19/68, 25/68, 27/68, 31/68, 40/68, 43/68, 11/69, 22/69, 24/69, 27/69, 51/69, 56/69, 36/70 и 38/70), во колоната 6, се врши следната измена:

| „Реден број | Шифра од Номенклатурата СНТ | Наименување | Поранешна кратенка за стоковен режим на увозот | Се заменува со кратенка за стоковен режим на увозот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | **Во секторот 0 — Производи за храна** | | |
| 120 | 022-30-10 | Млеко свежо | ГДК | РК“. |

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“, а ќе се применува на работите што ќе се склучат и ќе и се пријават на банката од тој ден.

Р. п. бр. 147
30 септември 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

**522.**

Врз основа на членот 20 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ“, бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69, 55/69 и 32/70) и членот 37 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 14/65, 28/66 и 54/67), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПОСТАПКАТА НА УТВРДУВАЊЕТО И РАСПРЕДЕЛБАТА НА СТОКОВНИТЕ КОНТИНГЕНТИ ОДНОСНО НА ДЕВИЗНИТЕ КОНТИНГЕНТИ ЗА УВОЗ НА СТОКИ ВО 1971 ГОДИНА

1. Увозот на стоки за кои со Одлуката за определување на стоките чиј извоз и увоз е регулиран („Службен лист на СФРЈ“, бр. 37/66, со понатамошните измени и дополненија) е определено да се увезуваат врз основа на стоковните контингенти односно на девизните контингенти, се врши врз основа на договор помеѓу работните организации — потрошувачи, увозници и производители на односните производи, постигнат во рамките на Сојузната стопанска комора. Со овој договор се утврдуваат обемот на увозот според количината (стоковен контингент) односно вредноста (девизен контингент), усогласен со домашното производство и потрошувачката, регионалните насоки на увозот — водејќи сметка за склучените трговски и други меѓудржавни спогодби, за структурата и динамиката на увозот, за начинот и организацијата на увозот, и за другите елементи неопходни за извршувањето на договорот.

2. Учесниците на договорот од точката 1 на оваа одлука се должни во договорот да ги утврдат и цените односно начинот на утврдувањето на цените по кои ќе ги продаваат стоките што се предмет на договорно регулирање на увозот, и еден примерок од договорот да му доставаат на Сојузниот завод за цени.

3. Договорот помеѓу работните организации од точката 1 на оваа одлука подлежи на одобрување од сојузниот секретар за надворешна трговија донесено во спогодба со сојузниот секретар за стопанство.

4. Ако работните организации внатре во Сојузната стопанска комора не постигнат договор во рамките на групацијата, за што Сојузната стопанска комора му поднесува извештај на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, Сојузниот секре-

таријат за надворешна трговија, во спогодба со Сојузниот секретаријат за стопанство, ќе го определи обемот на увозот по количина (стоковен контингент) односно по вредност (девизен контингент), регионалните насоки на увозот, динамиката на увозот, начинот на распределбата на износот на девизите, како и другите услови за увоз на производите, во смисла на точката 1 од оваа одлука.

5. Сојузниот секретаријат за надворешна трговија ќе го определи, во спогодба со Сојузната стопанска комора рокот за постигнување на договорот од точката 1 на оваа одлука. Ако работните организации во оставениот рок не постигнат договор, утврдувањето и распределбата на износот на девизите ќе се изврши според постапката од точката 4 на оваа одлука.

6. За одделни производи што не се увезувале врз основа на стоковниот контингент односно на девизниот контингент, а во 1971 година се увезуваат по тој основ, работните организации се должни за увозот на тие производи да постигнат договор во рок од два месеца од денот на извршената измена на режимот на увозот на тие производи. Ако работните организации во тој рок не постигнат договор, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во спогодба со Сојузниот секретаријат за стопанство, а врз основа на извештајот од Сојузната стопанска комора, ќе постапи во смисла на точката 4 од оваа одлука.

7. Сојузниот извршен совет може да ги определи стоките за кои е пропишано да се увезуваат врз основа на стоковните контингенти односно на девизните контингенти, контингентите за тие стоки да ги утврдуваат по количината (стоковен контингент) односно по вредноста (девизен контингент) Сојузниот секретаријат за стопанство, а по претходно прибавено мислење од Сојузната стопанска комора.

За одделни видови стоки за кои е пропишано да се увезуваат врз основа на стоковниот контингент односно на девизниот контингент, носител на контингентот може да биде Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи односно Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи, ако тоа го определи Сојузниот извршен совет.

Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи, како носител на контингентот за увозот на стоките од ставот 2 на оваа точка, во рамките на износот и видовите на девизите утврдени во смисла на точката 8 од оваа одлука, по правило, ќе изврши избор на најповолниот увозник врз основа на одржаното јавно наддавање, односно врз основа на претходно извршеното собирање на понуди од најмалку три понудувачи. На избраниот најповолен увозник Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи ќе му издаде решение за увозот на определените стоки од стоковниот контингент.

8. За стоковниот контингент односно за девизниот контингент утврден во смисла на точката 7 од оваа одлука Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во спогодба со Народната банка на Југославија, ќе го утврди, водејќи сметка за склучените трговски и други спогодби, износот и видот на девизите, а по потреба и земјата од која се врши увозот, како и динамиката на користењето на девизите и роковите во кои работните организации треба да се спогодат за меѓусебната распределба на утврдениот стоковен контингент односно на девизниот контингент.

9. Распределба на стоковниот контингент односно на девизниот контингент од точката 7 став 1 од оваа одлука вршат работните организации договорно, во рамките на Сојузната стопанска комора. За постигнатата распределба му се поднесува извештај на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, кој на секоја работна организација и издава решение за доделениот стоковен контингент односно за девизниот контингент, во рок од 15 дена од денот на приемот на извештајот.

Ако работните организации не постигнат спогодба за распределба на стоковниот контингент односно на девизниот контингент во роковите што Сојузниот секретаријат за надворешна трговија ги определил, распределба на стоковниот контингент односно на девизниот контингент на одделни работни организации ќе изврши Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во спогодба со Сојузниот секретаријат за стопанство, по претходно прибавен извештај од Сојузната стопанска комора, и тоа во рок од 30 дена од денот на приемот на тој извештај, при што ќе се придржува кон критериумите од точката 11 на оваа одлука.

10. Стоковниот контингент односно девизниот контингент, утврден во смисла на точката 7 став 1 на оваа одлука Сојузниот секретаријат за надворешна трговија може да го зголеми за 10%, со тоа што тој зголемен дел на контингентот во целост да се користи за зголемување на производството наменето за извоз на стоки на пазари на кои се остваруваат девизи што се од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања. Во границите на тој зголемен дел на контингентот Сојузниот секретаријат за надворешна трговија им го зголемува контингентот на оние работни организации кои во однос на својот досегашен извоз обезбедуваат зголемен извоз, со најповолни услови во поглед на цените, роковите и др.

11. Работните организации од точката 9 на оваа одлука при распределбата на стоковниот контингент односно на девизниот контингент врз основа на договор, по правило, ќе го имаат предвид обезбедувањето на производството на стоки наменети за извоз со што се остваруваат девизи што се од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања, како и учеството на секоја работна организација во увозот на соодветни стоки во претходната година.

12. Ако кај производите врз кои се применува режимот на увозот врз основа на стоковниот контингент односно на девизниот контингент, дојде до зголемување на цените на одделни производи од домашно производство кое отстапува од општата политика на цените, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија може, во согласност со Сојузниот секретаријат за стопанство, а на предлог од Сојузниот завод за цени, да го одобри увозот на односните производи независно од постапката определена со оваа одлука.

При издавањето на одобрение за увозот во смисла на ставот 1 од оваа точка, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија ќе води сметка за извршувањето на трговските и други економски спогодби склучени со странство.

13. Сојузниот секретаријат за надворешна трговија може, на предлог од Сојузната стопанска комора, да одобрува пред конечното утврдување на стоковниот контингент односно на девизниот контингент аванси на работните организации од точ. 1 и 7 на оваа одлука, и тоа најмногу до износот 40% од количината односно од вредноста на увозот на односните стоки во претходната година.

14. Сојузниот секретаријат за надворешна трговија донесува поблиски прописи за начинот на поднесувањето извештај за постигнатата распределба на стоковниот контингент односно на девизниот контингент, како и за начинот на поднесувањето на документацијата која служи за распределба на стоковниот контингент односно на девизниот контингент според точ. 9 и 10 од оваа одлука.

15 Техничко упатство за примената на оваа одлука дава Народната банка на Југославија во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

16. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 145
30 септември 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

## 523.

Врз основа на членот 40 став 1 од Законот за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/65 и 21/67), во врска со членот 93 став 3 од Законот за сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/67, 50/69 и 25/70), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА

### ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РАБОТАТА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ ДВИЖЕЊА

1. Се основа Секретаријат за следење на стопанските движења (во понатамошниот текст: Секретаријатот), како стручна служба на Сојузниот извршен совет.

2. Задачата на Секретаријатот е да ги следи движењата на стопанството, заради согледување на можните насоки на стопанските текови и мерките потребни за координиран развој на стопанството во согласност со утврдените цели на економската политика, и за тоа да му поднесува на Сојузниот извршен совет извештаи со соодветни предлози.

3. Во извршувањето на задачите од точката 2 на оваа одлука Секретаријатот соработува со соодветните сојузни органи на управата, сојузните совети и сојузните организации, како и со соодветните научни и други организации.

Сојузните органи на управата, сојузните совети и сојузните организации се должни на Секретаријатот да му овозможат користење на податоците и другите материјали со кои располагаат, а кои на Секретаријатот му се потребни за извршување на неговите задачи.

Секретаријатот е должен со извештаите и предлозите што му ги поднесува на Советот претходно да ги запознае сојузните органи на управата, сојузните совети односно сојузните организации во чиј општ делокруг спаѓаат прашањата на кои се однесуваат овие извештаи односно предлози.

4. Со работата на Секретаријатот раководи секретар, кого го назначува и разрешува од должност Сојузниот извршен совет.

Секретарот се назначува за време од четири години и може, по истекот на тој рок, да биде повторно назначен на истата должност.

5. Во поглед на засновувањето и престанокот на работниот однос на работниците во Секретаријатот, секретарот има право и должност на старешина на сојузен орган на управата.

6. За работата на Секретаријатот и за извршувањето на задачите и работите од неговиот делокруг, секретарот му одговара на Сојузниот извршен совет.

Во вршењето на задачите и работите на Секретаријатот, секретарот постапува според заклучоците на Сојузниот извршен совет.

7. Работниците на Секретаријатот сочинуваат посебна работна заедница.

8. Средствата за работа на Секретаријатот се обезбедуваат во сојузниот буџет, во рамките на средствата за работата на Сојузниот извршен совет.

Наредбодавец за извршување на претсметката е секретарот.

9. Првите општи акти за внатрешната организација и за систематизација на работните места во Секретаријатот ги донесува секретарот и советот на работната заедница со согласност на Сојузниот извршен совет.

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 146
30 септември 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич,** с. р.

## 524.

Врз основа на членот 69 од Законот за измени и дополненија на Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66), сојузниот секретар за надворешна трговија издава

### НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ДОГОВАРАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ НА УВОЗОТ НА ПРОИЗВОДИ НА ЦРНАТА МЕТАЛУРГИЈА

1. Во Наредбата за определување на стопанските организации за договарање и извршување на работи на увозот на производи на црната металургија („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/68, 25/68, 26/68, 31/68, 41/68, 49/68, 54/68, 8/69, 24/69, 50/69, 6/70 и 19/70) во точката 2 одредбата под 52 се менува и гласи:

„52) Хемиски комбинат „Хемко", Белград,".

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 9029
25 септември 1970 година
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија,
**Мухамед Хаџиќ,** с. р.

## 525.

Врз основа на точката 8 од Одлуката за утврдување премија за суров коноп во 1970 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/70), во спогодба со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за стопанство издава

### НАРЕДБА

### ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА СПОРЕД ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА ЗА СУРОВ КОНОП ВО 1970 ГОДИНА

1. Работните организации (во понатамошниот текст: корисниците на премијата) што сами или во кооперација произведуваат суров коноп или вршат откуп на суров коноп од индивидуални производители врз основа на програмата за производство од точката 2 на Одлуката за утврдување на премијата за суров коноп во 1970 година (во понатамошниот текст: Одлуката), за суровиот коноп од домашно производство од родот на 1970 година ја остваруваат премијата од точката 4 на Одлуката, врз основа на барање за премија поднесено до Службата на општественото книговодство кај која има жиро-сметка.

2. Корисниците на премијата ја остваруваат премијата за количините на суров коноп од сопствено производство или произведени во кооперација или

за количините на суров коноп откупени од индивидуални производители, што ги продале или испорачале на работните организации што се занимаваат со преработка на суров коноп, како и за количините на суров коноп што во тој период самите ги произвеле и преработиле.

Се смета дека работната организација — производител на суров коноп конопот го преработила и ако суровиот коноп го предала на преработка на своја работна единица за преработка на коноп во периодот од 1 август до 31 декември 1970 година.

3. Како производство на суров коноп во кооперација, во смисла на Одлуката, се подразбира производство на суров коноп што се врши врз основа на писмен договор за производство и испорака на суров коноп, склучен помеѓу производителска работна организација и индивидуален земјоделски производител, со кој индивидуалниот земјоделски производител однапред се обврзува дека ќе произведе и ќе испорачи определена количина на суров коноп, а работната организација — дека договорените количини на суров коноп ќе ги преземе, ќе ја плати определената цена и ќе ги изврши и другите договорни обврски (давање аванси, давање стручна помош, и др.).

4. Како откуп на суров коноп, во смисла на Одлуката, се подразбира купување на суров коноп од индивидуални производители кои тој коноп го произвеле врз основа на претходно склучен договор за прозводство и испорака кој е регистриран кај Сојузната стопанска комора.

5. Кон барањето за премијата корисникот на премијата прилага:

1) фактура односно копија на фактура — за количините на суров коноп, по класите, што им се продадени и испорачани на работните организации што се занимаваат со преработка на коноп;

2) заверен препис на договорот за купопродажба склучен со работните организации што се занимаваат со преработка на коноп, од кој мора да се гледа кои се договорачите и кои количини на суров коноп се договорени;

3) заверен препис на актот на Сојузната стопанска комора за регистрација на договорот;

4) доказ за испораката на суров коноп (товарен лист, отпратница и сл.);

5) потврда издадена од органот определен со општ акт на корисникот на премијата — за количините на суров коноп, по класите, што корисникот на премијата самиот ги произвел и преработил;

6) доказ за количините на суров коноп што корисникот на премијата самиот ги произвел, дека тоа производство го регистрирал кај Сојузната стопанска комора;

7) пресметка на премијата, во која се внесени податоци за количините изразени во килограми на суров коноп продадени и испорачани на работните организации што се занимаваат со преработка на коноп, по класите, како и износите на премијата за еден килограм и за вкупната количина.

Ако корисникот на премијата суровиот коноп од сопствено производство го предал на свој погон, а пресметување не врши по пат на фактура, тој кон барањето за премијата наместо фактура прилага потврда издадена од органот определен со општ акт на корисникот на премијата дека суровиот коноп е од сопствено производство и дека е предаден на преработка на сопствен погон во периодот од 1 август до 31 декември 1970 година. Во оваа потврда треба да се внесени податоци за количините на суров коноп, по класите, предадени на преработка во сопствен погон, како и износите на премијата за еден килограм и за вкупната количина.

6. Кога Службата на општественото книговодство ќе утврди дека барањето за премијата во поглед пресметувањето на премијата и приложената документација е исправно, го одобрува износот на премијата во корист на жиро-сметката на корисникот на премијата, а на товар на сметката бр. 608-630/1-1-1/194 б) — Премија за суров коноп.

7. Ако кон барањето за премијата се прилагаат преписи на оригинални исправи (товарен лист, отпратници, и сл.), тие мираат да бидат потпишани од овластеното лице и врз нив мора да биде втиснат печатот на корисникот на премијата а оригиналните исправи се поднесуваат на увид.

Службата на општественото книговодство е должна на секоја оригинална исправа од ставот 1 на оваа точка што се поднесува на увид да назначи дека премијата е исплатена.

8. Одредбите на оваа наредба за работните организации важат и за самостојните организации на здружен труд — правни лица во состав на работните ордганизации.

9. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 15-11472/3
25 септември 1970 година
Белград

Сојузен секретар на стопанство,
д-р **Боривое Јелиќ**, с. р.

---

По извршеното споредување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за измена на Одлуката за девизите што овластените банки не можат да ги ангажираат кога преземаат обврски по странски кредити што се користат за реализација на програмата за модернизација на превозните капацитети на цивилниот воздушен сообраќај, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 41/70, се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ДЕВИЗИТЕ ШТО ОВЛАСТЕНИТЕ БАНКИ НЕ МОЖАТ ДА ГИ АНГАЖИРААТ КОГА ПРЕЗЕМААТ ОБВРСКИ ПО СТРАНСКИ КРЕДИТИ ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ПРЕВОЗНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЦИВИЛНИОТ ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

Во точката 1, во цитираниот текст на точката 1, наместо зборовите: „до 1971 година," треба да стојат зборовите: „до крајот на 1971 година,".

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 28 септември 1970 година.

---

# ОДЛИКУВАЊА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за особено истакнување во познавањето и вршењето на војничките должности и за примерно војничко држење

СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

десетарите:

Миличевиќ Рада Ненад, Милиќ АнѓелаДушан, Миљевиќ Богдана Милош, Мршиќ Андре Тадија, Наумовски Глигора Владо, Недељковиќ Живомира Душан, Николов Бориса Стојан, Омеровиќ Талке Асим, Павлевски Јове Воја, Петковиќ Мирослава Слободан, Петревски Благоја Најдо, Плантак Јосипа Стјепан, Плетикосиќ Миќе Јосип, Пиниќ Алије Сабит, Праштало Стојана Илија, Проданови Саве Јован, Пуѓа Ѓорѓа Душан, Пунчикар Винка Мар-

јан, Радичевиќ Сретена Томо, Ракиќ Цвитка Борис, Ранковиќ Милиќа Милутин, Рошќак Стевана Иштван, Савиќ Луке Јован, Серафимовски Благоја Илија, Стефановски Благоја Слободан, Србиновски Ристе Блаже, Сториќ Марка Анте, Сучевиќ Вељка Петар, Сучиќ Стипе Ивица, Сучојевиќ Богољуба Тодосије, Сунајковиќ Миодрага Милорад, Шимек Ивана Владимир, Шимиќ Томислава Ратко, Шимунѓа Анте Јозо, Шкеро Милана Слободан, Штефаниќ Јоба Јосип, Штрукељ Јоже Јоже, Шушњара Анте Недељко, Швоб Јосипа Јосип, Тишма Јовице Милан, Томиќ Ивана Блаж, Тошиќ Бранислава Миодраг, Трајковски Тале Александар, Трбојевиќ Живана Александар, Тувиќ Драгана Чедомир, Величковиќ Данча Бранислав, Врачевиќ Бранка Александар, Вукотиќ Бранка Сретен, Вуковиќ Марка Миле, Вулиќ Јована Душан, Зеленовиќ Властимира Јован, Зибери Изаре Муртезан, Зомбори Ференца Ференц, Жбогор Ивана Среќко;

разводниците: Бачиќ Пашка Шиме, Бегиќ Назифа Ибрахим, Цафут, Јанеза Јанез, Долничар Карела Андреј, Фараго Пиште Јожеф, Галиќ Мате Иво, Граховац Станислава Дарко, Граовац Јована Илија, Грујевски Круме Часлав, Илиќ Тихомира Драгољуб, Јагица Фрање Фрањо, Јернец Антона Алојз, Караѓуле Диме Ристо, Килибарда Ѓорѓа Драгослав, Комљеновиќ Мате Среќко, Котлар Мате Еѕијо, Ковачевиќ Остоје Нинко, Ковачевиќ Николе Сима, Кржевски Вангела Крсте, Кусакатов Јордана Христо, Ланг Јосипа Никола, Литавски Јанка Зденко, Марковиќ Александра Живота, Мартинез Ѓуре Милан, Михелич Рудија Јоже, Микец Андрије Андрија, Мовре Ивана Јосип, Османовиќ Хамде Мехо, Пастор Андрије Стјепан, Пејовиќ Илије Слободан, Петек Франца Франц, Радевски Томе Мите, Радизловиќ Ивана Клаудио, Радосав Добросава Јоца, Ружиќ Антуна Фрањо, Сердахељи Фрање Стјепан, Симиќ Владимира Драгиша, Спасојевиќ Михајла Радован, Станишиќ Душана Обрад, Стевановиќ Милорада Видоје, Стоисављевиќ Илије Рајко, Шолаковиќ Драгана Ивица, Тешиќ Цвјетка Добривоје, Турза Ивана Вјекослав, Вукиќевиќ Љубивоја Божидар, Завалиќ Фрање Филип, Зунко Богомира Едвард, Живковиќ Цвеце Цвијетин;

војниците: Алексиќ Драгољуба Слободан, Алили Шефкета Бецет, Амедоски Ракима Зеќир, Андрејиќ Марка Милан, Ангеловски Петруша Велко, Аранитовиќ Милана Небојша, Арсиќ Милентија Крсто, Атанасовски Георгија Јосиф, Барат Шандора Иван, Бајиќ Мује Јусо, Батиница Јове Симо, Беља Рахмана Хајруш, Ѓерниќ Ивана Дарио, Беслиќ Рафаила Мирко, Билали Енвера Нечбудин, Биљетина Дане Илија, Биро Јаноша Андраш, Бобан Луке Иван, Бошковски Милана Стеван, Божиќ Јована Миливоје, Брадоњиќ Радомира Живко, Братушек Мартина Мартин, Бркиќ Миле Иван, Бубер Васила Димитар, Будимовиќ Зијада Мустафа, Буѓевац Андрије Мирко, Буљубашиќ Ибрахима Сефулах, Целец Ернеста Ернест, Цестар Томе Јосип, Цопак Милана Стјепан, Цветковиќ Вукашина Љубиша, Цвијан Раде Радован, Цвијиќ Милана Милан, Чанковиќ Халила Саид, Человски Михала Михал, Чинко Ивана Јосип, Чолаковиќ Авде Мехмед, Човиќ Ивана Стипе, Даниловиќ Петра Станоје, Дејановиќ Новака Велимир, Димирача Хасе Мехо, Димитријевиќ Радосава Мирослав, Димитријевски Обрена Радисав, Дмитровиќ Петра Драган, Додевски Јоска Добре, Дојковиќ Љубише Владимир, Ѓапо Сајте Сеад, Ѓорѓевиќ Наума Слободан, Ѓукиќ Трише Цвијетин, Ѓукиќ Стојмира Љубивоје, Ѓуран Валента Антун, Ѓурчиновски Глигора Ефто, Ефремов Тодора Антоније, Ефтимовски Александра Јанко, Ерцеговиќ Анте Јосип, Ерхатиќ Фрање Иван, Филиповиќ Филипа Анто, Фуртула Митра Миломир, Гачиќ Живомира Ранислав, Гаши Хисана Авдурахим, Гавриќ Уроша Српко, Газдовиќ Ивана Мирослав, Гажо Јожефа Шандор, Гладовиќ Стјепана Валент, Гњатовиќ Мије Ѓуро, Гогиќ Момчила Милорад, Горановиќ Ристе Станко, Грандиќ Драгоја Богдан, Грашак Драгана Стево, Ргиќ Славка Анте, Ргиќ Маре Фрањо, Хаџиетхемовиќ Решида Хасан, Халар Мике Мијо, Хамзиќ Мухарема Хусеин, Хасаниќ Алије Јусуф, Хеќимовиќ Миле Милан, Хил Антона Ернест, Хрехор Јанка Павље, Христовски Стојанов Димитар, Ибрахимовиќ Мехмеда Нијаз, Имшировиќ Расима Мустафа, Исмајловски Исмаила Меџит, Ивановиќ Мирослава Мирко, Јакобовиќ Карла Драго, Јакшиќ Милана Слободан, Јанев Трајчета Видан, Јанковиќ Мирка Љубиша, Јевтиќ Видана Радован, Јевтиќ Радомира Жарко, Јосифовски Митра Васе, Јосипов Илије Виктор, Јовановиќ Војислава Божидар, Јозиќ Матије Лајчо, Јухас Матије Милош, Калмар Михаила Јожеф, Карабашевиќ Пуна Петар, Касаповиќ Шерфе Мехмед, Кашаји Михала Михал, Кавазовиќ Мује Мехмет;

Кезиќ Фрање Јосип, Киш Иштвана Иштван, Кишметовиќ Башира Рамо, Кланчник Павла Иван, Клинко Мартина Стеван, Клисара Илије Гојко, Крафлич Франца Славко, Кнежевиќ Велимира Миленко, Кнежевиќ Шиме Ратко, Кочиш Петра Петар, Костадиновски Митка Вецо, Костиќ Милутина Милан, Костиќ Стевана Слободан, Ковач Јаноша Јожеф, Козлица Зајке Есад, Крагиќ Ѓуре Арсеније, Крафт Роберта Рудолф, Кренкер Ивана Алојз, Кривак Андреја Јосип, Криштоф Јосипа Јосип, Кршаритовиќ Павла Боривој, Кршул Камина Вељко, Крвавац Хамеда Хецо, Кубет Мирка Кемал, Кучевиќ Зеке Исмет, Кујунџиќ Стипана Стипан, Лазаревиќ Предрага Петар, Лазиќ Цвике Јово, Лелеа Павела Паја, Локас Николе Марко, Лукач Илије Петар, Лулиќ Пантелеона Маринко, Љајиќ Аља Салих, Љубинковиќ Чеде Дико;

Маѓарац Стеве Бранко, Мајериќ Алојза Алојз, Максумиќ Османа Мумин, Малбашиќ Пере Габриел, Манестар Љубомира Јосип, Манојловиќ Крсте Живко, Мариновиќ Фрање Антун, Марковиќ Драга Мартин, Марковиќ Санде Благоја, Матиќ Здравка Матија, Матиќ Алексе Михајло, Матијевиќ Јована Јован, Мегиќ Милана Јован, Мехиќ Хасана Расим, Мехинагиќ Јунуза Бего, Мехиновиќ Мустафе Есад, Мемиќ Пашана Химзо, Михевц Мартина Валентин, Михоци Ивана Иван, Мијатовиќ Војислава Бранко, Миладиновиќ Будимира Добривоје, Милдован Велимира Предраг, Миленковски Солтира Тодорче, Миличев Славка Стевица, Миличевиќ Пере Драган, Миличевиќ Милутина Миливоје, Милиновиќ Владимира Радован, Миливојевиќ Бранка Саво, Милосављевиќ Милисава Радомир, Милош Пере Марко, Миловановиќ Војислава Лазар, Миљевиќ Стојана Перо, Милановиќ Стојадина Бранко, Митревски Драгана Никола;

Младеновиќ Светолика Властимир, Млакар Мије Милан, Момчиловиќ Влајка Новица, Мухаремовиќ Беќира Рамиз, Муминовиќ Ибрашима Рамо, Мушиќ Ибрахима Бешир, Недељковиќ Богослава Драгомир, Недељковиќ Милоја Томислав, Недовиќ Радоша Петар, Ничевиќ Казбије Шахин, Ничевски Драгана Драган, Никонтовиќ Хајдера Алија, Николиќ Ранка Михајло, Николиќ Радомира Витомир, Ночевски Круме Никола, Њежиќ Раде Ранко, Обрадовиќ Милоша Миломир, Обрадовиќ Стојана Топлица, Омеров Усина Алија, Османовиќ Нурифа Селман, Остојиќ Стјепана Ѓуро, Остовиќ Милка Томислав, Пајазетовиќ Зарифа Хусо, Пандуровиќ Тривe Гаврo, Пандуровиќ Ранисава Милоје, Пантиќ Атанасија Милорад, Пантиќ Драгослава Стојан, Пашиќ Даута Мухамед, Паун Миле Лука, Павиќ Јакова Јозо, Пемпер Ивана Мирко, Периќ Луке Фрањо, Перко Драгутина Мијо, Пешка Петра Александар, Петровиќ Стаја Војислав, Петровиќ Димитрије Вид, Пиварски Уроша Ратомир, Потиќ Петра Велимир, Проле Богдана Владо, Прошк Јосипа Паво, Пуцарин Милутина Ѓуро, Рачевски Радомира Драган, Радосављевиќ Радована Бранко, Радулиќ Миле Никола, Рајиќ Николе Паво, Рамадани Иљаза Абдулалим, Реџепи Назми Сулејман, Рениќ Анте Божо, Ристевски Стеве Дане, Роквиќ Саве Милован, Рожиќ Ивана Грга, Рудолф Ивана Иван, Сакипов Екрема Музафер, Саршон Милана Миљенко, Савиќ Вукадина Синиша, Савковиќ Рада Миле, Сечник Антона Јанез, Сефедин Нуредина Сами, Сефери Рамазана Реџеп, Секулиќ Властимира Недељко, Сердаревиќ

Шабана Мухарем, Симић Павла Милојко, Симић Милутина Миломир, Симић Милана Перо, Стаменковић Бранислава Јоца, Станисављевић Милана Миодраг, Станковић Драгољуба Радован, Старчевић Винка Мирко, Стићески Јосифа Круме, Стипић Мате Владо;

Стојановић Чеда Радован, Стојчевић Бранислава Бранислав, Стојчевски Симов Јован, Суботић Ранка Недељко, Сувајац Неде Миленко, Шахман Мехмеда Махмут, Шакотић Јове Михаило, Штефковић Људевита Миливој, Шкрбић Чеде Душан, Шкрлић Ивана Северин, Тадић Миће Перо, Тасевски Томе Живко, Татић Милорада Душан, Тодоровић Бошка Драган, Толић Жељка Алојз, Тоњец Леополда Славко, Тотре Риза Невзат, Траиловић Јована Славољуб, Трајановски Нове Иван, Трифуновић Грујице Миодраг, Тркуља Стеве Богољуб, Труден Франца Стане, Тубин Душана Милош, Турковић Славка Славко, Убипарип Стевана Веселко, Ушчумлић Љубомира Павле, Узелац Бене Мате, Валенчак Фрање Ивица, Васиљ Вале Иван, Вицо Гаше Саво, Бокић Ђуре Драган, Вучић Ивана Бранко, Вујков Бранислава Милорад, Вукадиновић Бранка Миливој, Захировић Јусе Ејуб, Зечевић Николе Милан, Зеленковић Стојана Станко, Зупка Анкице Славко, Живојиновић Милована Драгутин.

Бр. 84
25 мај 1969 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито,** с. р.

---

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за примерна работа на развивањето полет за остварување на поставените задачи, како и за покажување на старешинските и војничките особини што им служат за пример на другите

## СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

десетарите: Игњатовић Живана Радован, Петровић Будимира Драган;

војниците: Чалић Милана Милан, Челиковић Миленка Пантелија, Костадиновић Богољуба Милан, Милановић Боже Ренато, Петровић Петра Иван, Постоловић Милосава Мирољуб;

за особено истакнување во познавањето и вршењето на војничките должности и за примерно војничко држење

## СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

десетарите: Аџић Михајла Гвозден, Алија Мухарема Хаћим, Асани Аљиља Шефки, Баћац Ивана Дарко, Бамбуловић Митра Владимир, Бедековић Леополда Марко, Бизјак Франца Владимир, Бонаца Антона Клаудијо, Булатовић Страхиње Милинко, Булија Радомира Тихомир, Чабаркапа Бранислава Слободан, Човић Ђуре Раде, Чучуковић Бранка Милутин, Чулић Филипа Анте, Давчевски Ставре Темелко, Добрић Бранка Петар, Драгојевић Мате Стјепан, Делић Радована Милијан, Дуковић Јеремије Милета, Ђукић Душана Недељко, Ђукић Дмитра Тодор, Ђурић Николе Милан, Ђурић Александра Милисав, Џеварлија Петра Недељко, Екмеџић Спасоја Живан, Еминовић Османа Есад, Франковић Мате Илија, Фридерић Ивана Јосип, Гак Душана Никола, Георгијев Зарије Ратко, Грботек Ивана Јосип, Гојић Вучена Милан, Хабота Османа Ибро, Хачек Драге Иван, Хомовић Шерифа Јусо, Илић Богосава Славиша, Ивановић Петра Милинко, Јанковић Драгослава Томислав, Јањић Војислава Будимир, Јањић Радивоја Милан, Јањић Милорада Зоран, Јазавац Бранка Перо, Јелавић Богдана Јакша, Јелчић Методија Романо, Јелетић Фердинанда Бранко, Јенко Душана Душан, Јосић Ратка Драгутин, Јорданов Манолов Борис, Јовић Милана Ненад, Јовичић Михајла Андрија, Јозељић Паве Томислав, Југ Мартина Антун, Јурић Недељка Мијо, Јуршић Ивана Јосип, Качар Стеве Стојан, Каламбура Миће Адам, Капац Мирка Иван, Кашић Стјепана Ђуро, Кево Илије Крешимир, Кишмишка Јожефа Карол, Китановић Витомира Томислав;

Клобучар Винка Јосип, Корен Мартина Штефан, Корегић Драгутина Албин, Ковач Ибрахима Салих, Ковачевић Винка Анто, Крстић Радомира Момчило, Кукрић Марка Марко, Купусовић Ђокана Митар, Кужић Мијајла Јован, Лавтар Франца Франц, Лазаревић Јове Петар, Лесковар Звонка Милан, Лоргер Штефана Станко, Лукић Антона Мато, Љубешић Ивана Маруи, Магличић Мије Јурај, Максимовић Радослава Саво, Малишић Милосава Радош, Марјановић Петра Драго, Марке Османа Неџат, Марковић Чедомира Боривоје, Марковић Јосипа Маријан, Марковић Владе Раде, Мартинчевић Станка Андро, Матић Остоје Радомир, Матовић Животе Драгољуб, Матовина Анте Ивица, Миленковић Гојка Часлав, Милић Радоја Животије, Милосављевић Благоја Радоје, Миловић Раде Јован, Мињовић Ђунисија Срећко, Мисини Хасана Фадил, Митровић Стевана Рајко, Морел Михаела Франц, Обрешки Петра Миливоје, Орешчанин Милована Душан, Орешчанин Душана Милош, Перак Фрање Никола, Петкој Лазара Миодраг, Плевњак Мије Владимир, Попов Лазе Станко, Прцаковски Петров Крсто, Пузигаћа Бранка Божо, Радука Душана Радослав, Рашић Хајре Шефкија, Репаши Стевана Фрањо, Роки Војина Миленко, Рудић Ђуре Слободан, Румењак Ђуре Драгутин, Савковић Велибора Радош, Симовић Андрије Душко, Сочић Лудвика Јоже, Спасојевић Родољуба Слободан, Станишић Миливоја Миодраг, Станојевић Павла Чедомир, Стефановић Милорада Живојин, Стевановски Павла Радослав, Стојановић Ранка Милисав, Суљановић Химзе Хасиб, Шакорања Матије Мартин, Шарац Боже Милан, Шепић Рудолфа Бранимир, Шерић Анте Бранко, Шиљковић Милована Милун, Шимунец Јосипа Стјепан, Шоштарић Драгутина Звонимир, Шпадина Зорке Иван, Шпец Франца Франц, Штерн Јосипа Људевит, Шулентић Јосе Јуре, Шупица Бранка Милан, Швец Штефана Милан, Тахири Хасана Музлија, Тодоровић Бошка Радош, Тончек Милана Милан, Топлак Вјекослава Стјепан, Трифунов Душана Душко Трнинић Ђуре Миливоје, Вајнахт Ивана Владо, Василов Стојичка Аспарук, Вашчанин Драгомира Момчило, Вереш Франца Франц, Вешковић Живојина Момчило, Видак Мартина Анте, Видовић Фелкса Фелкс, Влајић Лазара Владимир, Водишек Јоже Јанез, Водишек Јоже Милан, Вогранић Фрање Иван, Војиновић Душана Србобран, Волф Франца Цветко, Врбанец Стјепана Иван, Вујновић Јакова Иван, Вулетић Милана Дмитар, Вунић Раде Рајко, Живковић Димитрија Драгојло;

разводниците: Арсов Наћева Киро, Авсец Јожета Зденко, Бабић Лазара Љубисав, Барабаш Јаноша Иштван, Бенковић Павла Божидар, Чар Антона Франц, Дамјановић Видосава Дамјан, Делић Љубе Боро, Дерета Петра Стеван, Дукић Луке Саво, Фиолић Јуре Иван, Гаши Бајрама Јахир, Хорват Јосипа Иван, Исуфи Јетиша Аћиф, Јанкуловски Трајче Живко, Јембрих Алојза Стјепан, Јонузи Зулфикара Даут, Котуровић Петрије Светислав, Кривокапа Салика Хасан, Лимани Паша Ћамил, Лукић Љубомира Славиша, Махне Антона Франц Малобабић Николе Ђуро, Марић Ђорђа Владо, Маролт Јожета Андреј, Маринков Стеве Милован, Мартић Миленка Љубомир, Масал Раденка Недељко, Милојковић Миливоја Живомир, Милошевић Стјепа-

